Број 14 Година XII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1.Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, донесено на првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 октомври 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7956/1**
**Датум: 26.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 39, став 1, алинеја 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2015), а во врска со член 124 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на првата (конститутивна) седница, одржана на 25 октомври 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1. Советот на Општина Карпош формира Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош во состав од 5 члена претседател и 4 (четири) члена.

2. За претседател на Комисијата од точка 1 на ова решение се избира Филип Даскаловски, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата од точка 1 на ова Решение се избираат:
- Наташа Пеливанова – член на Советот на Општина Карпош,
- Андреј Манолев – член на Советот на Општина Карпош,
- Сашо Лазаровски – член на Советот на Општина Карпош,
- Горан Михајлов – член на Советот на Општина Карпош.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-7867/1**
**Датум: 25.10.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Димитар Зимбаков, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај од Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај од Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош, донесен на првата конститутивна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 октомври 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7956/2**
**Датум: 26.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Советот на Општина Карпош, на првата конститтивна седница, одржана на 25 октомври 2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај од Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош**

1. Со овој заклучок се усвојува Извештајот од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.

2. Заклучокот да се достави до Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на Општината и архивско-административни работи, Одделение за поддршка и организација на работата на Советот.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-7867/2**
**Датум 25.10.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Димитар Зимбаков, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Советот на Општина Карпош, на првата конститтивна седница, одржана на 25 октомври 2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај од Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош**

1. Со овој заклучок се усвојува Извештајот од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.

2. Заклучокот да се достави до Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на Општината и архивско-административни работи, Одделение за поддршка и организација на работата на Советот.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-7867/2**
**Датум 25.10.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Димитар Зимбаков, с.р.**

Врз основа на член 124 и член 119 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Комисијата а прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување на Советот на Општина Карпош, на првата конститутивна седница одржана на 25 октомври 2017 година, расправајќи по предлогот за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Карпош, заклучи до Советот на Општина Карпош да го достави следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**на Комисијата за прашања на верификација,**
**мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош**

Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош, на првата седница одржана на 25 октомври 2017 година, во состав:

- Претседател- членот на Советот – Филип Даскаловски,
- Член – членот на Советот – Наташа Пеливанова,
- Член- членот на Советот- Андреј Манолев,
- Член- членот на Советот – Горан Михајлов и
- Член – членот на Советот- Сашо Лазаровски.

Согласно член 6 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош, му поднесува на Советот на Општина Карпош Извештај за верификација на мандатите на членовите на Советот.

Комисијата ги разгледа документите (оригиналите на издадените Уверенија) доставени од Општинската изборна комисија Карпош и врз основа на тоа му предлага на Советот на Општина Карпош да го усвои Извештајот и да ги верификува мандатите на членовите на Советот на Општина Карпош:

**Од листата на кандидати на коалицијата на** СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА - СДСМ, НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – НСДП, ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА – ЛДП, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА – ДСВМ, НОВА АЛТЕРНАТИВА – НА, ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ПЕНЗИОНЕРИ И ГРАЃАНИ НА МАКЕДОНИЈА – ПОПГМ, СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА – СДУ, ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА – ЛП, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ – ДС, СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – СНСМ, ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА – ДОМ, ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ – ПЦЕР, ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО – ППД, ПАРТИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ – "ПЕП 21", АЛИЈАНСА ЗА ПОЗИТИВНА МАКЕДОНИЈА – АПМ, ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА – ПЕИ, ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА

ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА – ПДТ, СРПСКА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА – ССМ, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ – ДПР, ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ НА РОМИТЕ – ОПЕР, ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА – ОМ, МАКЕДОНСКА ОБЕДИТЕЛНА РЕФОРМСКА ОРГАНИЗАЦИЈА – РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – МОРО - РП:

1. Душко Весковски
2. Наташа Пеливанова
3. Димитар Оровчанец
4. Филип Даскаловски
5. Александар Анѓушев
6. Билјана Костова
7. Андреј Манолев
8. Емилија Ризеска-Спасова
9. Владимир Кроневски
10. Лиљана Трајаноска
11. Владимир Станивуковиќ
12. Зејнел Куч
13. Димитар Зимбаков
14. Мики Филев

**Од листата на кандидати на коалицијата** ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО), СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, ГРАЃАНСКА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА-ГРОМ, СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА, СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, РАБОТНИЧКО ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА, ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА, ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА, ВМРО-ДП (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА), МАКЕДОНСКА АКЦИЈА (МААК), ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ, РОМИ ОБЕДИНЕТИ ОД МАКЕДОНИЈА, ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ, СОЈУЗ НА ТИТОВИ ЛЕВИ СИЛИ:

1. Сашо Лазаровски
2. Тони Јаревски
3. Даниела Штерјова
4. Томи Кепевски
5. Предраг Станковски
6. Светлана Пандиловска

**Од листата на кандидати на Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ:**

1. Добрила Андоновска
2. Горан Михајов

**Од листата на кандидати на ЛЕВИЦА:**

1. Бранко Ристов

**Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1. **Филип Даскаловски, с.р.**
2. **Наташа Пеливанова, с.р.**
3. **Андреј Манолев, с.р.**
4. **Горан Михајлов, с.р.**
5. **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош**

1.Се објавува Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош, донесено на првата (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25 октомври 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7956/3**
**Датум: 26.10.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 15 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006) и член 39 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на првата (конститутивна) седница, одржана на 25 октомври 2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател на Советот на Општина Карпош**

1. За Претседател на Советот на Општина Карпош се избира Душко Весковски, член на Советот на Општина Карпош.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-7867/3**
**Датум: 25.10.2017 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАВАЧ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Димитар Зимбаков, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, со Решение за објава,
2. Заклучок за усвојување на Извештај од Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош, со Решение за објава и
3. Решение за избор на претседател на Советот на Општина Карпош, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**